# Табела за утврдување на процентот на траен инвалидитет на дете како последица од несреќен случај

WLAICT-2/2017

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Оваа Табела за утврдување на процентот на траен инвалидитет на дете како последица од несреќен случај (во натамошниот текст: Табела на инвалидитет) е составен дел од Дополнителните услови за осигурување во случај на траен инвалидитет на дете како последица на несреќен случај.
2. Процентот на траен инвалидитет на дете, осигурено од последици на несреќен случај, се одредува исклучиво врз основа на оваа Табела на инвалидитет.
3. Индивидуалните способности, социјалниот статус или занимање (професионална способност) не се земаат предвид при утврдување на процентот на инвалидитет.
4. Конечниот процент на инвалидитет се одредува по завршено лекување и рехабилитација, а врз основа на наодите добиени со дијагностичко лекување. Контролната дијагностичка процена на инвалидитетот на екстремитетите и ’рбетот се врши најрано три месеци по завршеното лекување и рехабилитацијата, освен во случаи на ампутација. Ако осигуреникот, односно законскиот старател на осигуреникот не ги спроведува или ги занемарува лекарските упати за потребни дијагностички постапки, терапии и земање лекови, осигурителот го намалува конечниот инвалидитет од Табелата за ⅓.
5. Кај псевдоартроза, набиеноста на мускулно-скелетната структура и синдромот на преуморeност не се одредува инвалидитет.
6. При многукратни повреди на екстремитет, орган или ’рбет, вкупниот инвалидитет на поединечен екстремитет, орган или ’рбет се одредува така што се зема процентот на најголемата последица од оштетувањето предвиден во Табелата на инвалидитет, од следната најголема последица се зема ½ процент предвиден во Табелата, и така натаму по ред ¼, ⅛ итн. Вкупниот процент не може да биде поголем од процентот кој е одреден во Табелата на инвалидитет за целосно губење на тој екстремитет или орган.
7. Последиците од повреда на еден орган не се собираат и не може да се оценат по повеќе точки од Табелата на инвалидитет, но може да се оценат по онаа точка со која се утврдува највисок инвалидитет за таа последица.
8. Во случај на губење или оштетување на повеќе екстремитети или органи поради еден несреќен случај, процентот на инвалидитет за секој поединечен екстремитет или орган се собира. Конечниот процент на инвалидитет не може да изнесува повеќе од 100%.
9. Ако кај осигуреникот постоел траен инвалидитет пред настанувањето на несреќниот случај, обврската на осигурителот се утврдува според новиот инвалидитет, независно од претходниот, освен во следниве случаи:
   - ако пријавениот несреќен случај предизвикал зголемување на дотогашниот инвалидитет, обврската на осигурителот се утврдува според разликата помеѓу вкупниот процент на инвалидитет и претходниот процент;
   - ако осигуреникот пред несреќниот случај изгуби или повреди еден од претходно повредените органи или екстремитети, обврската на осигурителот се утврдува само според зголемениот инвалидитет;
   - ако дегенеративните болести на коскено-зглобниот систем докажани со рендгенолошки испитувања постоеле пред настанувањето на несреќниот случај, осигурителот го намалува конечниот инвалидитет од Табелата на инвалидитет за ⅓ од проценетиот инвалидитет;
   - ако се докаже дека осигуреникот боледува од шеќерна болест, болести на централниот или периферниот нервен систем, глувост, слабовидност, болести на крвниот систем или хронични градни заболувања, и ако тие болести влијаат врз зголемувањето на инвалидитетот по несреќниот случај, осигурителот го намалува конечниот инвалидитет од Табелата на инвалидитет за ½;
   - ако претходно хронично заболување е причина за настанувањето на несреќниот случај, осигурителот го намалува конечниот инвалидитет за ½.
10. Субјективните тегоби, слабост во мускулите, крвен и друг подлив, болка, страв и пострауматски кожни лузни кои не предизвикуваат функциски оштетувања не се земаат предвид при утврдувањето на процентот на трајниот инвалидитет.

## II. ПРОЦЕНТ НА ТРАЕН ИНВАЛИДИТЕТ

### I. КОМБИНАЦИЈА НА ИНВАЛИДИТЕТ

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Загуба на една рака и една нога | 100% |
| 2. | Загуба на една рака и едно стапало | 100% |
| 3. | Загуба на една дланка и едно стапало | 90% |
| 4. | Загуба на една дланка и една нога | 100% |

### II. ГЛАВА

1. Фокусни оштетувања на мозокот со клинички утврдена слика на декортикација, односно децеребрација:
   - Хемиплегија од инветериран тип со афазија и агнозија
   - Деменција (Корсаков синдром)
   - Двостран Паркинсонов синдром со изразен ригор
   - Целосна хемиплегија, параплегија, триплегија, тетраплегија
   - Трајна психоза зад органска повреда на мозокот
   - Тешка епилепсија со зачестени напади и силни психички промени (детериорација) 100%

| | | |
|---|---|---|
| 2. | Целосно губење на скалпот | 50% |
| 3. | Целосна и непоправлива загуба на видот на двете очи | 100% |
| 4. | Загуба на едно око | 50% |
| 5. | Целосна и трајна глувост на двете уши со трауматско потекло | 40% |
| 6. | Целосна и трајна глувост на едно уво со трауматско потекло | 15% |
| 7. | Целосна загуба на двете ушни школки | 20% |
| 8. | Целосна загуба на една ушна школка: | 10% |
| 9. | Делумна загуба на носот | 10% |
| 10. | Загуба на цел нос | 30% |
| 11. | Отстранување на долната вилица | 30% |

### III. РАЦЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Загуба на двете раце или дланки | 100% |
| 2. | Загуба на една рака до рамото | 70% |
| 3. | Загуба на една рака во подрачјето на надлактицата | 65% |
| 4. | Загуба на една рака помеѓу лакотот и зглобот на раката | 60% |
| 5. | Загуба на една дланка | 50% |
| 6. | Загуба на палец | 20% |
| 7. | Загуба на показалец | 10% |
| 8. | Загуба на сите прсти на двете дланки | 90% |
| 9. | Загуба на среден прст | 5% |
| 10. | Загуба на мал прст | 3% |
| 11. | Загуба на домал прст | 3% |

### IV. НОЗЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Загуба на двете нозе | 100% |
| 2. | Загуба на двете стапала | 80% |
| 3. | Загуба на нога во колкот | 70% |
| 4. | Загуба на нога под колкот и над коленото | 60% |
| 5. | Загуба на нога кај коленото и под коленото | 50% |
| 6. | Загуба на стапало (расчленување на потколеница и глужд) | 35% |
| 7. | Загуба на стапало во Чопартова линија | 35% |
| 8. | Загуба на стапало во Лисфранкова линија | 30% |

| | | |
|---|---|---|
| 9. | Загуба на ножен палец | 10% |
| 10. | Загуба на еден ножен прст, освен ножен палец | 2,5% |
| 11. | Делумна загуба на еден ножен прст, освен ножен палец | 1% |

## V. ’РБЕТ

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Повреда на ’рбетот со трајно целосно оштетување на ’рбетниот мозок или периферните нерви (тетраплегија, триплегија, параплегија) со загуба на контролата врз дефекацијата и уринирањето | 100% |
| 2. | Повреда на ’рбетот со целосна парализа врз долните екстремитети без пречки врз дефекацијата и уринирањето | 80% |
| 3. | Повреда на ’рбетот со трајно делумно оштетување на ’рбетниот мозок или периферните нерви (тетрапареза, трипареза) без загуба на дефекацијата и уринирањето | 50% |
| 4. | Повреда на ’рбетот со пареза на долните екстремитети | 40% |

## VI. ГРАДЕН КОШ

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Загуба на една дојка | 30% |
| 2. | Загуба на двете дојки | 50% |

## VII. УРИНАРНИ ОРГАНИ

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Загуба на еден бубрег со нормална функција на другиот | 50% |
| 2. | Загуба на функцијата на двата бубрега | 100% |

## VIII. ГЕНИТАЛНИ ОРГАНИ

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Загуба на еден тестис | 30% |
| 2. | Загуба на двата тестиса | 50% |
| 3. | Загуба на пенисот | 80% |
| 4. | Загуба на матката | 50% |
| 5. | Загуба на еден јајчник | 30% |
| 6. | Загуба на двата јајчници | 50% |

Табелата за инвалидитет влегува во сила од моментот на нејзиното усвојување.

Скопје, 01.05.2017